# С Л У Ж Б Е Н Г Л А С Н И К
**на**
**Општина Ранковце**



| | | |
|---|---|---|
| Службен гласник на Општина Ранковце<br>Издавач:Општина Ранковце<br>излегува по потреба | Година XXIV број 5<br>31 Март 2023 годинаРанковце | Гласникот е бесплатен |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Решението за верификација на мандат на член на Советот на Општина Ранковце**

1.Се прогласува Решението за верификација на мандат на член на Советот на Општина Ранковце, донесено на 23-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 29.03.2023 година.

2. Решението за верификација на мандат на член на Советот на Општина Ранковце, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

**Бр.08-366/1**
**29.03.2023 година**
**Ранковце**

**Општина Ранковце**
**Градоначалник**
**Борче Спасовски, с.р.**

Врз основа на член 7 од Деловникот на Советот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр.05/06), Советот на Општина Ранковце на 23-та седница одржана на ден 29.03.2023 година, донесе

**Р е ш е н и е**
**за верификација на мандат на член на Советот на Општина Ранковце**

1. Се верифицира мандатот на членот на Советот на Општина Ранковце Чедо Илиевски кој присуствува на 23-та седница на Советот на Општина Ранковце.

2. Ова решение влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

**Бр.09-337/5**
**29.03.2023 година**
**Ранковце**

**Совет на Општина Ранковце**
**Претседател**
**Александра Стамболиска -Јовановска,с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Програмата за дизинсекција и дератизација на подрачјето на Општина Ранковце за 2023 година**

1.Се прогласува Програмата за дизинсекција и дератизација на подрачјето на Општина Ранковце за 2023 година, донесена на 23-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 29.03.2023 година.

2.Програмата за дизинсекција и дератизација на подрачјето на Општина Ранковце за 2023 година, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

**Бр.08-366/2**
**29.03.2023 година**
**Ранковце**

**Општина Ранковце**
**Градоначалник**
**Борче Спасовски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ “ бр.5/02), член 42 и член 43 став 2 од Законот за заштита на населението од заразни болести („ Службен весник на РМ“ 66/04, 139/08, 99/09, 149/14, 150/15, 37/16) и член 23 став 1 точка 11 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 09/05, 04/10, 3/11, 11/15, 04/19, 5/22), Советот на Општина Ранковце на седницата, одржана на 29.03.2023 година, донесе:

**ПРОГРАМА**
**за дезинсекција и дератизација на подрачјето на Општина Ранковце за2023 година**

## 1. ВОВЕД

Со оваа Програма се утврдува начинот на организирањето на дезинсекција и дератизација на подрачјето на Општина Ранковце во 2023 година, периодот на вршење на активностите и финансирањето на истите.

Уништувањето на комарците односно намалување на бројноста на популацијата до ниво на толеранција, како и уништувањето и контролата и синантропни и хемисинатропни

глодари односно намалувањето на бројноста на популацијата до ниво на толеранција е неопходност и се спроведува поради две причини:

- Квалитет на живеење
- Епидемиолошки интерес - заразените комарци и заразените глодари се биолошки вектори (преносители на заразна болест)

Како резултат на глобалното затоплување и климатските промени постои можност за зголемување на бројот на заразни заболувања и појава на заболувања кои веќе се искоренети или биле присутни во минатото, како и појава на заболувања кои не се карактеристични за нашето подрачје. Исто така, како резултат на глобалното затоплување и климатските промени постои можност за појава на тропски и субтропски болести кои ги пренесуваат комарците и други вектори.

Поволните природни услови и микроклиматски погодности обезбедуваат постојано присуство на бројни популации на комарци и други штетни инсекти во општините во Северо-источниот регион на Република СевернаМакедонија која според својата положба има умерено континентална клима , но заради климатските промени сепак се соочува со опасност за појава на тропски и субтропски болести.

Присуството на комарците, крлежите и другите штетни инсекти, како и присуството на глодарите е перманенто присутен проблем кој мора да се решава и со тоа да се придонесе за обезбедување на поставената општествена цел - заштита на населението од од штетните влијанија на овие биолошки врсти.

Болестите при кои причинителот на заболувањето се пренесува од еден на друг домаќин преку живи преносители (вектори) се нарекуваат трансмисиони заразни болести.

Болести кои се пренесуваат преку овие вектори се : Зика вирусна инфекција, Конго-кримска хеморагична треска, Треска од Западен Нил, Хеморагична треска, Чукунгунија, Лајмска борелиоза, Лајшманиоза, Маларија, Денга и Рикеција коноири.

**Зика вирусната инфекција** е заболување кое го пренесуваат **комарци** од родот **Aedes** и е предизвикана од **Зика вирусот (ZIKV)**. Историјатот на откривањето на овој вирус е од 1947 година во Зика - шумска област во Уганда, со повторна епидемиска појава во 2007 на некои острови на Пацификот и во 2015 година во Јужна Америка.

Комарците кои го пренесуваат овој Зика вирус од родот Aedes каснуваат во текот на денот (особено во зори и во доцните попладневни часови и на самрак).

Комарците од родот Aedes spp. Пред се **тиграстиот комарец Aedesalbopictus** веќе е ендемичен во Република Албанија, нашето непосредно соседство, па така постои мислење дека и Република Македонија е под голем ризик за населување од овој комарец**.**

**Треска од западен Нил,** болест кој ја предизвикува вирус кој се појавува во повеќе наврати со неколку епидемии во медитеранскиот регион и источна Европа. Болеста обично се шири со каснување од заразени комарци, кои пак се заразуваат хранејки се од заразени птици. Ширењето на треската од западен Нил во Европа е резултат на комбинација од фактори, вклучувајки ги временските услови, изобилството на векторите-комарци и заразените птици преселници.

**Маларија,** е болест која ја предизвикува паразит наречен плазмодиум, додека се пренесува преку комарец од родот Anopheles.

**Чикунгунија** е болест која се шири преку каснување од комарци од видот Аедес спп. пред се од страна на тиграстиот комарец Aedes albopictus кој е ендемичен во Р.

Албанија.Постои мислење дека РС. Македонија е под ризик од населување на комарец Aedes albopictus и појава на болеста Чикунгунија иаку до сега нема пријавени случаи на ова заболување во РС. Македонија.

Законот за заштита на населението од заразни болести, превентивната дезинфекција, дезинсекција и дератизација ги утврдува како општи мерки за заштита од заразни болести.

На територијата на Општина Ранковце, како една од помалите општини во североисточниот дел на Република Македонија, чиј што простор му припаѓа на средниот тек на Крива река по својата морфологија е доста разновидна. На запад е долината на Крива река и алувијална рамнина кон реката , а на исток е ридско-планинска релјефна структура. На територијата на Општина Ранковце постојат повеќе постојани или повремени водени површини: реки, потоци, канали (вади), вештачки езера и други слични површини, како и разновидна флора. Исто така постојат и диви депонии кои претставуваат идеални места за размножување и опстанок на глодарите и инсектите. Во комбинација со карактеристичната микро клима (кратка зима, врнежлива пролет и топло лето), овие хабитати се идеално место за експанзија на инсектите, а особено комарците.

Појавата и потенцијалната опасност или закана од појава на заболувања пренесени преку комарци и други вектори, наметнува итна примена на општите мерки за спречување на појавата, раното откривање, спречувањето на ширењето и сузбивањето на заразните болести.

Неопходни активности кои треба да се преземат се :

- Подигнување на свеста на населението преку медиумите
- Теренска проценка на околината во тек на цела година
- Мапирање на сите стоечки води, бари, мочуришта на територијата на Општина Ранковце;
- Употреба на заштитни мрежи на вратите и прозорците во домовите
- Примена на заштитни средства (репеленти) во облик на лосион, аеросол спреј или крем за кожата; примена на облека која ги одбива комарците
- Носење на соодветна облека која ги покрива откриените делови на телото, облека со долги ракави и долги пантолони
- Отстранување на високи треви, средување на земјиштето каде што се кријат крлежите
- Редовно чистење на олуците за да се овозможи истекување на водата
- Отстранување на застојаните води (бари) по дворовите, во буриња, канти, пластични шишиња и чаши, автомобилски гуми и сите други предмети каде што се задржува вода која претставува средина за множење на комарци
- Одбегнување на излегување и престој надвор во зори или во самрак кога комарците се најактивни.

**Специфична мерка за заштита која се применува е <u>превентивната дезинсекција</u>.**

Превентивната дезинсекција се изведува на два начина :

- Уништување на комарецот е во фаза на ларва – така наречена **ларвицидна дезинсекција**; и

- Уништување на возрасните единки на комарецот – така наречена **адултицидна дезинсекција**

Ларвицидната дезинсекција се врши на стоечка водена средина, бари, канали, поплавени ливади, оставени буриња со вода, стари канти, фрлени шишиња, отпади за автогуми, влажни подруми, септички јами и други места во кои водата останува повќе од 5 дена.

Аеросолната дезинсекција претставува хигиенско-техничка мерка за уништување на возрасните форми на комарци и останатите штетни инсекти и се спроведува околу жаришта односно легла на комарци, места каде што молестираат (шеталишта) комарци, над и околупоплавени површини.

Предност на адултицидната дезинсекција е моментално уништување на актуелната популација на комарците.

Освен дезинсекцијата, мошне битна превентивна мерка е **дератизацијата** и уништувањето на штетните глодари заради спречување на болести кои се јавуваат во епидемиска форма, како што се : Туларемија, Бруцелоза, Лептоспироза, Чума , Салмонела, Беснило, Трихинелоза и тн.

**Задолжителната систематска дератизација** на населените места треба да се спорведе заради :

- Отстранување на ризикот од појава и ширење на наведените заразни болести кои ги пренесуваат глодарите.
- Отстранување на економските штети кои настануваат како последица на уништувањето и загадувањето на храната од страна на глодарите.
- Спречување на контаминацијата на објектите

## 2. ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ

Аеросолната дезинсекција може да се спроведува на територијата на Општина Ранковце и тоа по пат на **авиодезинсекција и терестична дезинсекција**.

Со **авиодезинсекцијата** треба да бидат третирани вкупно **480** ha(особено по течението на Крива река и притоките; вировите на територија на село Ранковце, село Љубинци и село Гиновци; и акумулацијата – вештачко езеро „Отошница“) во 3 (три) наврати, и тоа:вомесецјуни,јули и август - против возрасни комарци. Авиодезинсекцијата ќе биде реализирана доколку бидат обезбедени средства во Буџетот на Општина Ранковце од дотација од други нивоа на власт.

Со **терестична дезинсекција** ќе бидат третирани вкупно **40** ha во 2 (два) наврата (јуни и август), против возрасни комарци и **45ha** против ларви во 1 (еден )наврат ( во првиот момент од годината кога ќе се создадат услови за тоа).

Аеросолната дезинсекција ќе се изведува во раните утрински часови, во денови на викендите, заради намалено движење на граѓаните, и тоа при поволни временски услови, без ветер, дожд и слично. Конкретните датуми ќе се утврдуваат во зависност од метеоролошките состојби.

При неповолни временски услови назначените терминисе одложуваат за првиот нареден поволен термин.

Заради безбедно и ефикасно извршување на работите, граѓаните навремено ќе бидат информирани преку печатените и електронските медиуми за времето и начинот на спроведувањето на аеросолната дезинсекција.

Аплицирање на средството го врши фирма регистрирана за таа дејност, која поседува соодветна потребна документација за вршење на ваква дејност .

Средството за спроведување на аеросолната дезинсекција треба да биде регистрирано и одобрено од Министерството за здравство на Република Македонија како погодно средство за користење во урбани средини.

Според теренскиот увид на претставнисите од локалната самоуправа Општина Ранковце и епидемиолог од Центарот за јавно здравје од Куманово мапирани се следните подрачја на кои ќе биде извршена терестичната дезинсекција :

- Рибник „Гогомонд“
- Влез во село Ранковце
- Вирови во село Љубинци
- Езерца во село Гиновци и рибник „Универзал Парк“ Гиновци
- Одредени подрачја на село Петралица
- Одредени подрачја на село Псача
- Опила-трски
- Гиновци-спортски центар покрај река

Превентивната дератизација на териториjата на Општина Ранковце ќе ја спроведе Јавното комунално претпријатие „ Чист ден “, Ранковце, и тоа во 2 (два) наврата.

## 3. ФИНАНСИРАЊЕ

Финансирањето на оваа Програма се врши од средствата предвидени со Буџетот на Општина Ранковце за 2023година и за дератизацијата од Буџетот на ЈКП „Чист ден“-Ранковце за 2023година .

## 4. АПЛИЦИРАЊЕ

Извршител на активностите за аплицирање на средството за аеросолната дезинфекција, предвидени со оваа Програма ќе биде економскиот оператор кој ќе биде избран за најповолен понудувач избран врз основа на Законот за јавни набавки, со кој ќе биде склучен договор.

Превентивната терестична дезинсекција ќе ја врши избран извршител, кој ќе изврши избор на соодветно средство за дезинсекција кое е одобрено од бирото за лекови.

За реализација на активноста за превентивна дератизација Јавното комунално претпријатие „Чист ден“- Ранковце ќе изврши евидентирање на површините за третирање, точките во канализациониот систем каде ќе се врши дератизација, отстранување на дивите депонии од јавните површини пред почеток на процесот на дератизација, како и спроведување на јавна набавка за избор на правно лице кое ќе ја спроведе превентивната дератизација.

## 5. НАДЗОР

Надзор над извршувањето на Програмата врши Одделението за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина, локален економски развој и јавни дејности.

Инспекциски надзор врши Одделението за инспекциски надзор преку инспекторот за комунални работи.

**6. ЗАВРШНА ОДРЕДБА**

Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник наОпштина Ранковце".

**Бр.09-337/6** | **Совет на Општина Ранковце**
**29.03.2023 година** | **Претседател**
**Ранковце** | **Александра Стамболиска Јовановска, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце" бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Програмата за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште и одржување на комунална инфраструктура во општина Ранковце за 2023 година**

1.Се прогласува Програмата за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште и одржување на комунална инфраструктура во општина Ранковце за 2023 година, донесена на 23-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 29.03.2023 година.

2.Програмата за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште и одржување на комунална инфраструктура во општина Ранковце за 2023 година, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце".

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце".

**Бр.08-366/3** | **Општина Ранковце**
**29.03.2023 година** | **Градоначалник**
**Ранковце** | **Борче Спасовски, с.р.**

Врз основа на член 95 од Законот за градежно земјиште ("Службен весник на Република Македонија" бр.15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16, 190/16 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19), Правилникот за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комунална инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост ("Службен весник на Република Македонија“ бр.193/16, 72/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.16/22) и член 23 од Статутот на Општина Ранковце (,,Службен гласник на Општина Ранковце„ бр. 09/05, 04/10,3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Советот на Општина Ранковце на седницата одржана на ден 29.03.2023 година, донесе:

**П Р О Г Р А М А**
**за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште и одржување на комунална инфраструктура во општина Ранковце за 2023 година**

**Во**Програмата за уредување за градежно земјиште и одржување на комуналната инфраструктура во Општина Ранковце за 2023 година**(„Службен гласник на Општина Ранковце“ број 13/2022), се вршат следните измени:**

**Во точка 3.**ОБЕМ И СТЕПЕН НА ОПРЕМУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ СО ОБЈЕКТИ НА ОСНОВНАТА И СЕКУНДАРНАТА ИНФРАСТРУКТУРА во делот
IV. Изградба на канализација се додава:

- Изградбанаканализацијаво с. Ранковце (Десетак-Крајчина маала);

Во Точка 4. ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

- Средства од Општина ......сумата 1.000.000,00 денари се заменува со 2.700.000,00 денари,

Вкупната сума од 34.000.000,00 денари се заменува со 35.700.000,00 денари.

Во точка 7. НАЧИН НА РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВАТА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ ЗА ИЗГРАДБА И ОДРЖУВАЊЕ НА ИНФРАСТРУКТУРАТА во делот
IV. Изградба на канализацијасумата 10.000.000,00 денари се заменува со 11.700.000,00 денари

Вкупната сума од 34.000.000,00 денари се заменува со 35.700.000,00 денари.

**3. Оваа Програма влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.**

**Бр. 09-337/7** — **Совет на Општина Ранковце**
**29.03.2023 година** — **Претседател,**
**Ранковце** — **Александра Стамболиска-Јовановска, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), и член 51 став 1 од Статутот на Општина

Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Одлуката за предавање на управување на фекална канализација во с.Ранковце (фудбалско игралиште-ромска маала), Општина Ранковце**

1.Се прогласува Одлуката за предавање на управување на фекална канализација во с.Ранковце (фудбалско игралиште-ромска маала), Општина Ранковце, донесена на 23-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 29.03.2023 година.

2.Одлуката за предавање на управување на фекална канализација во с.Ранковце (фудбалско игралиште-ромска маала), Општина Ранковце, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

**Бр.08-366/4**
**29.03.2023 година**
**Ранковце**

**Општина Ранковце**
**Градоначалник**
**Борче Спасовски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/02) и член 23 став 1 точка 30 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 09/05, 04/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Советот на Општина Ранковце, на седницата одржана на ден 29.03.2023 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**За предавање на управување на фекална канализација во с. Ранковце, (фудбалско игралиште-ромско маало), Општина Ранковце**

Член 1

Со оваа Одлука Општина Ранковце ја предава на користење и стопанисување фекална канализација во с. Ранковце, (фудбалско игралиште-ромско маало), Општина Ранковце на ЈКП „ Чист Ден “ Ранковце.

Член 2

ЈКП „ Чист Ден “ Ранковце ќе ја користи, стопанисува, управува и одржува ново изградената канализациона мрежа. За приклучок на канализационата мрежа и месечниот

надомест за одржување на канализационата мрежа ќе се применува тарифа според постоечки ценовник за наплата на ЈКП „ Чист Ден “ Ранковце.

Член 3

Општина Ранковце ја предава техничката документација за изградениот објект со која располага (Основен проект, Одобрение за градење, Извештај од извршен технички преглед од надзорен инженер со констатација дека објектот може да се пушти во употреба ) на ЈКП „ Чист Ден “ Ранковце.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

**Бр.09-337/8** — **Совет на Општина Ранковце**
**29.03.2023 година** — **Претседател**
**Ранковце** — **Александра Стамболиска-Јовановска**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За прогласување на Одлуката за кофинасирање на проект „Изградба на Водоснабдителна линија од Јазол1 до Испуст 1 во должина од 1600м на н.м Псача Дамјанска маала, Радева маала и Ранкева маала**

1.Се прогласува Одлуката за кофинасирање на проект ,,Изградба на Водоснабдителна линија од Јазол1 до Испуст 1 во должина од 1600м на н.м Псача Дамјанска маала, Радева маала и Ранкева маала, донесена на 23-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 29.03.2023 година.

2.Одлуката за кофинасирање на проект„ Изградба на Водоснабдителна линија од Јазол1 до Испуст 1 во должина од 1600м на н.м Псача Дамјанска маала, Радева маала и Ранкева маала, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

**Бр.08-366/5** — **Општина Ранковце**
**29.03.2023 година** — **Градоначалник**
**Ранковце** — **Борче Спасовски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ( „Службен весник на РСМ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце” бр. 09/05, 04/10, 3/11, 11/15, 04/19, 5/22 ), Советот на Општина Ранковце на 23 седница одржана на ден 29.03.2023 година ја донесе следнава одлука:

**ОДЛУКА**
**За кофинансирање на проект**
**„Изградба на Водоснабдителна линија од Јазол 1 до Испуст 1 во должина од 1600 m на н.м. Псача Дамјанска маала , Радева** маала **и Ранкева маала”**

Член 1

За реализација на проектот ,,Изградба на Водоснабдителна линија од Јазол 1 до Испуст 1 во должина од 1600 m на н.м. Псача, Дамјанска маала , Радева маала и Ранкева маала” од Програмата управување со води за 2023 година на Министерството за животна средина и просторно планирање, Општина Ранковце од сопствениот буџет ќе учествува со кофинансирање од 10% од вкупната одобрена вредност на проектот со ДДВ .

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а истата ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Ранковце’’.

**Бр. 09-337/9**
**Ранковце**
**29.03.2023 година**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА РАНКОВЦЕ**
**Претседател**
**Александра Стамболиска Јовановска, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Ранковце во областа на заштитата на животната средина во 2022 година**

1.Се прогласува Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Ранковце во областа на заштитата на животната средина во 2022 година, донесен на 23-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 29.03.2023 година.

2.Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Ранковце во областа на заштитата на животната средина во 2022 година, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

**Бр.08-366/6**
**29.03.2023 година**
**Ранковце**

**Општина Ранковце**
**Градоначалник**
**Борче Спасовски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/02) и член 23 став 1 точка 40 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 09/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Советот на Општина Ранковце, на 23-та седницата одржана на ден 29.03.2023 година, донесе

## З А К Л У Ч О К
### За усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Ранковце во областа на заштитата на животната средина во 2022 година

1. Со овој Заклучок се усвојува Извештајот за реализација на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалната патна мрежа во Општина Ранковце за 2022 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

**Бр.09-337/10**
**29.03.2023 година**
**Ранковце**

**Совет на Општина Ранковце**
**Претседател**
**Александра Стамболиска -Јовановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

## З А К Л У Ч О К
### За прогласување на Одлуката за давање на трајно користење на движни ствари - сопственост на Општина Ранковце на Месна заедница Опила

1.Се прогласува Одлуката за давање на трајно користење на движни ствари - сопственост на Општина Ранковце на Месна заедница Опила, донесена на 23-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 29.03.2023 година.

2.Одлуката за давање на трајно користење на движни ствари - сопственост на Општина Ранковце на Месна заедница Опила, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

**Бр.08-366/7**
**29.03.2023 година**
**Ранковце**

**Општина Ранковце**
**Градоначалник**
**Борче Спасовски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/02) и член 23 став 1 точка 30 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 09/05, 4/10, 3/11 и 11/15), а одлучувајки по Барањато Бр.08-441/1, поднесено од Месна заедница Опила, Општина Ранковце, Советот на Општина Ранковце, на 23-та седница одржана на ден 29.03.2023 година, донесе

## О Д Л У К А
## за давање на трајно користење на движни ствари - сопственост на Општина Ранковце на Месна заедница Опила

### Член 1

Со оваа Одлука се даваат на трајно користење, без надоместок, движни ствари сопственост на Општина Ранковце на Месна заедница Опила и тоа:

-една Метална ограда за скали и тераса; и
-еден Клима уред; и
-една Метална кутија за складирање на дрва.

Примопредавањето на движните ствари да се изврши записнички со овластени преставници од Општина Ранковце и Месна заедница Опила.

### Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

**Бр.09-337/11**
**29.03.2023 година**
**Ранковце**

**Совет на Општина Ранковце**
**Претседател**
**Александра Стамболиска -Јовановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Одлуката за неодобрување на финансиски средства**

1.Се прогласува Одлуката за за неодобрување на финансиски средства, донесена на 23-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 29.03.2023 година.

2.Одлуката за за неодобрување на финансиски средства, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

**Бр.08-366/8** **Општина Ранковце**
**29.03.2023 година** **Градоначалник**
**Ранковце** **Борче Спасовски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 алинеја 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весника на Република Македонија“ бр. 05/02), и член 23 став 1 точка 40 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 09/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), а постапувајки по Барањето поднесено од Стоимир Ѓуровски, Филип Спасовски, Христијан Митевски и Мики Трајковски од Ранковце, заведено во Архивата на Општина Ранковце под број 09-287/1 од 10.03.2023 година, Советот на Општина Ранковце на 23-та седница одржана на ден 29.03.2023 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за неодобрување на финансиски средства**

**Член 1**

Не се одобруваат финансиски средства на Стоимир Ѓуровски, Филип Спасовски, Христијан Митевски и Мики Трајковски од Ранковце бидејки во Буџетот на Општина Ранковце за 2023 година нема предвидено средства за финансирање на активности наведени во барањето (плаќање музика и закуп на простор за организирање на Ден на роми).

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

**Бр.09-337/12** **Совет на Општина Ранковце**
**29.03.2023 година** **Претседател**
**Ранковце** **Александра Стамболиска -Јовановска,с.р.**

# С О Д Р Ж И Н А


1. **Заклучок за прогласување на Решението за верификација на мандат на член на Советот на Општина Ранковце**
2. **Решение за верификација на мандат на член на Советот на Општина Ранковце**
3. **Заклучок за прогласување на Програмата за дизинсекција и дератизација на подрачјето на Општина Ранковце за 2023 година**
4. **Програма за дизинсекција и дератизација на подрачјето на Општина Ранковце за 2023 година**
5. **Заклучок за прогласување на Програмата за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште и одржување на комунална инфраструктура во општина Ранковце за 2023 година**
6. **Програма за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште и одржување на комунална инфраструктура во општина Ранковце за 2023 година**
7. **Заклучок за прогласување на Одлуката за предавање на управување на фекална канализација во с.Ранковце (фудбалско игралиште-ромска маала), Општина Ранковце**
8. **Одлука за предавање на управување на фекална канализација во с.Ранковце (фудбалско игралиште-ромска маала), Општина Ранковце**
9. **Заклучок за прогласување на Одлуката за кофинасирање на проект „Изградба на Водоснабдителна линија од Јазол1 до Испуст 1 во должина од 1600м на н.м Псача Дамјанска маала, Радева маала и Ранкева маала**
10. **Одлука за кофинасирање на проект „Изградба на Водоснабдителна линија од Јазол1 до Испуст 1 во должина од 1600м на н.м Псача Дамјанска маала, Радева маала и Ранкева маала**
11. **Заклучок за прогласување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Ранковце во областа на заштитата на животната средина во 2022 година**
12. **Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Ранковце во областа на заштитата на животната средина во 2022 година**
13. **Заклучок за прогласување на Одлуката за давање на трајно користење на движни ствари - сопственост на Општина Ранковце на Месна заедница Опила**
14. **Одлука за давање на трајно користење на движни ствари - сопственост на Општина Ранковце на Месна заедница Опила**
15. **Заклучок за прогласување на Одлуката за неодобрување на финансиски средства**
16. **Одлука за неодобрување на финансиски средства**


_______________________________________/_______________________________________